РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1696/2
18-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-та седница одржана на ден 12.11.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-1696/1 од 03.06.2025 година, со наводи за сомневање за незаконско остварување на право на социјална помош/ пензија на лицето ------------------------ која истовремено прима пензија и од друга држава, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, поради тоа што пријавените наводи не укажуваат на сомневање за преземени коруптивни дејствија од службени лица по кои постапува ДКСК.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување до Министерството за социјална политика, демографија и млади и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ.

Предметот со број 12-1696/1 од 03.06.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 03.06.2025 година до ДКСК е доставена пријава од непознат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање дека лицето ------------------------- со место на живеење на ул. „-------------------" бр.--- ----------------, незаконско прима социјална помош/ пензија од Репубика Северна Македонија, а истовремено прима пензија и од Канада.

По разгледување на законската регулатива за предметните наводи, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, поради тоа што е констатирано дека надлежни органи за постапување по истите се Министерството за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

социјална политика, демографија и млади и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ, а и пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на истите.
Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk